**НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА**
***ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО***
**(академска 2016/2017)**

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| **Име и презиме:** | **Научен степен и академско звање:** |
|---|---|
| д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска | доктор на правни науки/редовен професор |
| д-р Ненад Гавриловиќ | доктор на правни науки/вонреден професор |
| д-р Неда Здравева | доктор на правни науки/вонреден професор |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| **Име и презиме на соработникот:** | **Научен степен и академско звање на соработникот:** |
|---|---|
| **Други предавачи (експерти од практиката):**<br>/ | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| **Назив на предметната програма:**<br>Облигационо право | |
|---|---|
| **Код на предметната програма:**<br>50828 | **Број на кредити:**<br>7 (седум) |
| **Вкупно часови настава:**<br>60 (48+12) | **Број на страници задолжителна литература:**<br>390 |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма**:<br>III (трета) | **Семестар во кој се изучува предметната програма:**<br>V (петти) |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

| **Опис на предметната програма** |
|---|
| Прометот на стоки, услуги и права, како основа за задоволување на материјалните и други потреби на граѓаните но и како средство за остварување економски напредок на заедницата е предмет на проучувањето и на практиката на облигационото право. Во рамките на оваа предметна програма, студентите ќе се запознаат со поимот облигационо право, со неговите извори и начела, како во домашното право така и во меѓународното и европското право. Целта на предметната програма, помеѓу другото, е и да ги запознае студентите со развојот на оваа правна гранка, од римското право па до денешно време, презентирајќи ги основите, видовите, настанувањето, дејството, измените и престанувањето на облигационите односи, како доминантен елемент на домашниот и на меѓународниот промет. Соодветно внимание ќе биде посветено на сите видови облигациони односи (основи на |

договорното право, основи на отштетното право, итн.), при што ќе се образложи нивната суштина и ќе се анализира нивната примена.

**Клучни зборови (термини) за предметната програма**

облигационо право, промет, стоково-парични односи, облигација, облигациони односи, договор, причинување штета, работоводство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја, продажба

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

**Цели и резултати што треба да се постигнат**

Со изучување на предметната програма студентите ќе се стекнат со знаења за основите на облигационото право и посебните видови облигациони односи. Студентите преку едукацијата ќе треба да се стекнат со знаењата што им се потребни во рамките на прометот на субјективните граѓански права. Во областа на општото учење на облигациите (облигационите односи), студентите треба да стекнат вештини на примена на општите институти на облигационото право кај посебните видови облигациони односи. Особено, студентите би требало да се стекнат со вештини за преговарање, склучување и реализирање на посебните видови облигациони договори, како и изучување на механизмите на решавање на споровите околу исполнувањето на обврските на должникот. Во областа на отштетното право, студентите треба да се стекнат со знаења во поглед на установување на фактичкото и правното постоење на облигациите за надомест на штета и нивното спроведување. Конечно, студентите би требало да стекнат познавања за останатите видови облигациони односи (стекнување без основ, работоводство без налог и еднострани изјави на волја).

Како резултат на добиените знаења студентите ќе се оспособат за следново:

- да го разберат комплексниот систем на облигационото право, како и неговата правна нормираност
- да го разберат механизмот на примена на општите институти на облигационото право (општото учење за облигациите) на посебните видови облигациони односи
- да ги разберат и разликуваат различните видови облигациони односи
- да ги разберат, идентификуваат и разликуваат основните видови облигациони договори
- да стекнат основни знаења во поглед на преговарањето, склучувањето и составувањето на посебните видови договори
- да ги разликуваат облиците штета
- да ги разберат и разликуваат видовите одговорност според основот на одговорноста
- да ги разберат основните модалитети на надоместување на материјалната и нематеријалната штета

## VI. Методологија на предавање

**Методологија на предавање**

Материјата е поделена во 12 тематски единици по 4 часа. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, играње улоги итн. Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини кои се разделени во помали целини, како секој од часовите во тековната недела би бил тематски обоен и концепиран. Теоретскиот дел од наставата кој е планиран за секој од часовите е целно именуван, во смисла на знаењата кои треба да се стекнат во текот на секој од часовите. Практичниот дел од наставата е планиран како ефектуирање на претходно стекнатите теоретски знаења.

## VII. Детална структура на предметната програма

| **Недела бр. 1** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**ПОИМ, ИЗВОРИ И НАЧЕЛА НА ОБЛИГАЦИОНОТО ПРАВО** | **задолжителна литература**<br>Објавена ppt презентација бр. 1<br>УРМ (чл. 8, 30, 55)<br>ЗОО (чл. 1-17, 130-131) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ПОИМ НА ОБЛИГАЦИОНОТО ПРАВО
    a. објективно облигационо право
    b. субјективно облигационо право
    c. облигационото право како правна наука
2. ИЗВОРИ НА ОБЛИГАЦИОНОТО ПРАВО
    a. материјални извори на облигационото право
    b. формални извори на облигационото право
        i. Уставот како извор на облигационото право
        ii. законите како извор на облигационото право
        iii. општите услови како извор на облигационото право
        iv. стандардите како извор на облигационото право
        v. обичајот како извор на облигационото право
        vi. моралот како извор на облигационото право
        vii. меѓународните акти како извор на облигационото право
3. НАЧЕЛА НА ОБЛИГАЦИОНОТО ПРАВО
    a. начело на слободно уредување на облигационите односи
    b. начело на еднаквост и рамноправност
    c. начело на еквивалентност
    d. начело на забрана за злоупотреба на правото
    e. начело на совесност и чесност
    f. начело на справедливост
    g. останата начела од Законот за облигационите односи

| **Недела бр. 2** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**ПОИМ, КАРАКТЕРИСТИКИ И ВИДОВИ НА ОБЛИГАЦИЈАТА** | **задолжителна литература:**<br>За тема 1 и 2: ОП 2012 (стр. 113-137)<br>За тема 3: соодветен дел од објавена ppt презентација бр.2<br>ЗОО (чл. 3, 17, 296, 202, 348, 38, 391-423, 300, 279, 344, 266-268, 383-390, 346) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ПОИМ НА ОБЛИГАЦИЈА И ОБЛИГАЦИОНЕН ОДНОС
2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОБЛИГАЦИЈАТА
    a. облигацијата е правен однос
    b. облигацијата настанува помеѓу определени лица
    c. облигацијата има релативно дејство
    d. облигацијата за свој предмет има определено дејствие (чинидба)
    e. облигацијата е однос од имотен карактер
3. ВИДОВИ ОБЛИГАЦИИ
    a. видови облигации според начинот на заштита
    b. видови облигации според степенот на уреденост
    c. видови облигации според правните факти
    d. видови облигации според страните
    e. видови облигации според предметот (чинидбата)
    f. видови облигации според содржината

| **Недела бр. 3** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:** | **задолжителна литература:** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАНУВАЊЕ, СОДРЖИНА И ДЕЈСТВО КАЈ ОБЛИГАЦИЈАТА** | ОП 2012 (стр. 165-196)<br>ЗОО (чл. 251-258, 269-278) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА
    a. страни на облигацијата
        i. доверител
        ii. должник
    b. предмет на облигацијата
    c. облигационоправни факти
2. СОДРЖИНА НА ОБЛИГАЦИЈАТА
    a. побарувањето и неговата структура
    b. долгот и неговата структура
    c. корелативност на побарувањата и долговите
3. ДЕЈСТВО НА ОБЛИГАЦИЈАТА
    a. општо за дејството на облигацијата
    b. дејство на облигацијата во одделни случаи
        i. побивање на должниковите правни дејствија
        ii. право на задржување (ius retentionis)
        iii. цесија во постапка за извршување

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 4** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ПРОМЕНИ КАЈ ОБЛИГАЦИЈАТА** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 197-222)<br>ЗОО (чл. 424-441, 132-134) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ОПШТО ЗА ПРОМЕНИТЕ КАЈ ОБЛИГАЦИЈАТА
2. ПРОМЕНА НА СТРАНИТЕ
    a. цесија (отстапување на побарувањето)
        i. поим и видови цесија
        ii. посебно за договорната цесија и односите помеѓу учесниците во односот
        iii. поим и видови суброгација
    b. преземање долг
        i. договорно преземање на долг
        ii. законско преземање на долг
    c. отстапување на договорот
    d. пристапување кој долг
    e. преземање на исполнување
3. ОПШТО ЗА ПРОМЕНАТА ВО СОДРЖИНАТА НА ОБЛИГАЦИЈАТА
4. ОПШТО ЗА ПРОМЕНАТА НА ОБЈЕКТОТ (ПРЕДМЕТОТ) НА ОБЛИГАЦИЈАТА

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 5** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА И ЗАСТАРЕНОСТ НА ПОБАРУВАЊАТА** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 284-356)<br>ЗОО (чл. 284-382)<br>ЗФД (чл. 1-10) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА
    a. исполнување
        i. субјекти на исполнувањето
        ii. предмет, време и место на исполнувањето
        iii. признаница и обврзница
        iv. исполнување со полагање или продажба на стварта
    b. пребивање (компензација)
        i. видови пребивање
        ii. услови за настанување на пребивањето
    c. отпуштање на долг
        i. видови отпуштање на долг
        ii. дејство на отпуштањето на долг

| | |
|---|---|
| d. пренов (новација)<br>    i. услови за новација<br>    ii. дејство на новацијата<br>e. соединување (конфузија)<br>    i. услови за конфузија<br>    ii. дејство на конфузијата<br>f. невозможност за исполнување<br>    i. видови невозможност за исполнување<br>    ii. правни последици од невозможноста за исполнување<br>g. истек на време и отказ<br>    i. истек на време<br>    ii. отказ и отказни рокови<br>h. смрт<br>2. ЗАСТАРЕНОСТ НА ПОБАРУВАЊАТА<br>a. општо за застареноста и нејзината оправданост<br>b. субјективни права што подлежат на застареност<br>c. почеток и настанување на застареноста<br>d. рокови на застареност<br>e. застој и прекин на застареноста<br>f. дејство на застареноста | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ПОИМ, ВИДОВИ НА НАСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 359-365; 421-473)<br>ЗОО (чл. 18-51, 76-90, 130-131) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>1. ОПШТО ЗА ДОГОВОРИТЕ<br>a. поим на договор<br>b. белези на договорите<br>c. значење на договорите<br>d. општо за начелото на слобода на договарање<br>2. ВИДОВИ ДОГОВОРИ<br>a. едностранообврзувачки и двостранообврзувачки договори<br>b. комутативни и алеаторни договори<br>c. лични и нелични договори<br>d. консензуални и реални договори<br>e. каузални и апстрактни договори<br>f. формални и неформални договори<br>g. главен и споредон договор<br>h. даровни и товарни договори<br>i. именувани и неименувани договори<br>j. формуларни договори, атхезиони договори и општи услови на договорот<br>3. НАСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ<br>a. договорни страни<br>b. согласност на волјите<br>    i. преговори<br>    ii. преддоговор<br>    iii. понуда<br>    iv. прифаќање на понудата (акцепт)<br>    v. момент на настанување (перфекција) на договорот<br>c. предмет на договорот<br>d. општо за каузата (основот) на договорот и влијанието на мотивите (побудите) на настанувањето на договорот | |
| **Недела бр. 7** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ФОРМА, ТОЛКУВАЊЕ И ДЕЈСТВО НА ДОГОВОРИТЕ** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 473-518)<br>ЗОО (чл. 59-65, 91-94, 136-140, 110- |

| | |
|---|---|
| | 113, 466-503, 122-129) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ФОРМА НА ДОГОВОРИТЕ
   a. поим на форма
   b. видови форма
   c. функции и значење на формата
   d. формата според Законот за облигационите односи
2. ТОЛКУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ
   a. општо за толкувањето на договорот
   b. посебни правила за толкување на договорите
3. ДЕЈСТВО НА ДОГОВОРИТЕ
   a. општо за дејството на договорите
   b. договор во корист на трето лице
   c. своевидни дејства на товарните договори
      i. одговорност за материјалните и правните недостатоци на исполнувањето
      ii. приговор за неисполнување на договорот
      iii. раскинување или измена на договорот поради променети околности
      iv. невозможност за исполнување и виша сила
      v. прекумерно оштетување
      vi. лихварски договори

| **Недела бр. 8** | **број на часови: 4** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 519-556)<br>ЗОО (чл. 39-58, 62, 65, 67, 95-109, 113-121) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ОПШТО ЗА НАЧИНИТЕ НА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ
2. НЕВАЖНОСТ НА ДОГОВОРИТЕ
   a. општо за неважноста на договорите
   b. непостоечки договор
   c. ништовни договори
      i. поим на ништовност
      ii. субјекти кои можат да ја истакнуваат ништовноста
      iii. рокови на истакнување ништовност
      iv. последици од ништовноста
      v. применливост на институтот конвалидација кај ништовните договори
      vi. конверзија на ништовните договори
   d. рушливи договори
      i. поим на рушливост
      ii. општо за причините што доведуваат до рушливост
      iii. субјекти кои можат да ја истакнуваат рушливоста
      iv. рокови на истакнување рушливост
      v. последици од рушливоста
      vi. конвалидација на рушливите договори
   e. разлики помеѓу ништовноста и рушливоста
3. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ
   a. спогодбено раскинување на договорите
   b. еднострано раскинување на договорите поради неисполнување
      i. општо за едностраното раскинување на договорите поради неисполнување
      ii. за можноста договорот да се раскине поради неисполнување
      iii. потребни услови за раскинување на договорот поради неисполнување

| | |
|---|---|
| iv. начин на ефектуирање на раскинувањето<br>v. последици од раскинувањето | |
| **Недела бр. 9** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ПОСЕБНИ ОБЛИГАЦИОНИ ДОГОВОРИ** | **задолжителна литература:**<br>Обајвена ppt презентација бр. 9<br>ЗОО (чл. 442, 543, 545, 555, 1022, 570, 603, 768, 619, 805, 667, 1029, 1036, 1122, 71, 74-75, 259) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>1. ПОИМ, ВИДОВИ И КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ ДОГОВОРИ<br>2. ДОГОВОРИ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ<br>a. договор за продажба<br>b. договор за размена<br>c. договор за заем<br>d. договор за дар<br>e. договор за отстапување на имотот за време на живот<br>3. ДОГОВОРИ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ТУЃА СТВАР<br>a. договор за закуп<br>b. договор за послуга<br>c. договор за остава (депозит)<br>4. ДОГОВОРИ ЗА ВРШЕЊЕ УСЛУГИ<br>a. договор за дело<br>b. договор за налог<br>5. ДОГОВОРИ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ТРУД И СРЕДСТВА<br>a. договор за ортаклак<br>b. договор за доживотна издршка<br>6. ДОГОВОРИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА<br>a. договор за залог<br>b. договор за гаранција<br>c. банкарска гаранција<br>d. капар<br>e. пишманлак<br>f. капар како пишманлак<br>g. договорна казна | |
| **Недела бр. 10** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ СО ПРИЧИНУВАЊЕ ШТЕТА** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 611-625; 638-661)<br>ЗОО (чл. 141-144, 195-197, 147) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>1. ОПШТО ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ СО ПРИЧИНУВАЊЕ ШТЕТА<br>2. СТРАНИ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ СО ПРИЧИНУВАЊЕ ШТЕТА<br>a. штетник<br>i. деликтна способност на штетникот<br>ii. фактички и правен штетник<br>b. оштетен<br>3. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ СО ПРИЧИНУВАЊЕ ШТЕТА<br>a. штетно дејствие<br>i. поим на штетно дејствие<br>ii. противправност на штетното дејствие и општо за условите за исклучување на противправноста<br>iii. доведување со настанување на штета<br>b. штета<br>i. штетата како правен факт и општ услов за настанување на облигационите односи со причинување штета<br>ii. видови штета | |

| | |
|---|---|
| c. причинска врска (каузалитет)<br>i. општо за каузалитетот и теориите за каузалитетот<br>ii. теорија на адекватна причина<br>iii. други теории за каузалитетот | |
| **Недела бр. 11** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ВИДОВИ ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА И НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ПРИЧИНЕТАТА ШТЕТА** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 662-679; 690-697; 719-720; 730-737; 744-758)<br>ЗОО (чл. 145-194, 251-258)<br>ЗГОНК (чл. 1-18) |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>1. ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДГОВОРНОСТ И ВИДОВИТЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА<br>2. СУБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ<br>a. општо за субјективната одговорност<br>b. поим на вина<br>c. видови вина<br>d. претпоставување на вината<br>3. ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ<br>a. општо за објективната одговорност<br>b. имател на опасна ствар и вршител на опасна дејност<br>c. опасна ствар и опасна дејност<br>4. ОПШТО ЗА ДОГОВОРНАТА ОДГОВОРНОСТ<br>5. ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ<br>a. општо за одговорноста за друг<br>b. штета причинета од малолетници<br>c. штета причинета од полнолетно лице неспособно за расудување<br>6. ОДГОВОРНОСТ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ И РАБОТОДАВАЧОТ<br>a. одговорност на правното лице<br>b. одговорност на работодавачот<br>7. ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА<br>a. одговорност поради терористички акти, јавни демонстрации и манифестации<br>b. одговорност поради дела на корупција<br>c. одговорност за штета причинета од меѓународни воени или други организации<br>d. одговорност на организаторот на приредби<br>e. одговорност поради недавање неопходна помош<br>f. одговорност во врска со склучување договор<br>g. одговорност во врска со вршење работи во јавен интерес<br>8. НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ШТЕТАТА<br>a. поим на надоместување на штетата<br>b. надоместување на материјална штета<br>i. видови надоместување на материјалната штета<br>ii. обем и висина на надоместувањето<br>iii. посебно за надоместувањето на материјална штета во случај на смрт, телесна повреда и оштетување на здравјето<br>iv. посебно за надоместувањето на материјална штета во случај на повреда на честа и ширење невистинити наводи<br>c. надоместување на нематеријална штета,<br>i. нематеријално надоместување<br>ii. материјално надоместување | |
| **Недела бр. 12** | **број на часови: 4** |
| **назив на тематската целина:**<br>**ОСТАНАТИ ОБЛИГАЦИИ** | **задолжителна литература:**<br>ОП 2012 (стр. 761-789)<br>ЗОО (чл. 199-238) |

**Детална структура на тематската целина:**

1. ОПШТО ЗА ОСТАНАТИТЕ ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ И ПРАВНИТЕ ФАКТИ ШТО ДОВЕДУВААТ ДО НИВНОТО НАСТАНУВАЊЕ
2. СТЕКНУВАЊЕ БЕЗ ОСНОВ
    a. поим на стекнување без основ
    b. услови за настанување на стекнувањето без основ
        i. збогатување на едно лице
        ii. осиромашување на друго лице
        iii. збогатувањето да настанало без основ во закон или правно дело
    c. содржина на облигациониот однос
    d. видови стекнување без основ
        i. стекнување поради дејствие на осиромашениот
        ii. стекнување поради дејствие на збогатениот
        iii. стекнување поради дејствие на трет
3. РАБОТОВОДСТВО БЕЗ НАЛОГ
    a. поим на работоводството без налог
    b. страни и способност на страните
    c. услови за настанување на работоводството без налог
    d. содржина на облигациониот однос
        i. обврски на вршителот на работата
        ii. обврски на господарот на работата
    e. видови работоводство без налог
        i. невистинско работоводство без налог
        ii. недопуштено работоводство без налог
4. ЕДНОСТРАНИ ИЗЈАВИ НА ВОЛЈА
    a. јавно ветување награда
    b. општо за емисијата (издавањето) хартии од вредност

## VIII. Активности на надворешни институции

| **Активности на надворешни институции** |
|---|
| / |

## IX. Литература

| **Задолжителна литература** |
|---|
| Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј., *Облигационо право*, трето издание, Просветно дело, Скопје, 2012 (**ОП 2012**);<br>Фабр-Мањан, М., *Облигационо право, 1: Договорот и еднostраната обврска*, Арс Ламина, Скопје, 2011;<br>Фабр-Мањан, М., *Облигационо право, 2: Граѓанска одговорност и квази-договори*, Арс Ламина, Скопје, 2011;<br>објавени ppt презентации на предавањето според реден број на објава на интернет страницата на Факултетот;<br>Устав на Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 52/91, 01/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 03/09, 13/09 и 49/11) (**УРМ**);<br>Закон за облигационите односи (Службен весник на РМ, бр. 18/01, 78/01, 04/02, 59/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13) (**ЗОО**);<br>Закон за финансиска дисциплина (Службен весник на РМ, бр. 187/13, 201/14 и 215/15) (**ЗФД**);<br>Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Службен весник на РМ, бр. 143/12) (**ЗГОНК**). |
| **Дополнителна литература** |
| Perović, S., *Obligaciono pravo: knjiga prva*, šesto izdanje, Savremena administracija, Beograd, 1986; |

Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј., *Облигационо право, практикум: книга прва*, Просветно дело, Скопје, 2001; и
Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј., *Облигационо право, практикум: книга втора*, Просветно дело, Скопје, 2002.